Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

## Извадок на ден од дневни настани 16.05.2023

На 15.05.2023 по претходно преземени мерки и активности од страна на полициски службеници од Сектор за меѓународна полициска соработка – Одделение за потраги на „Љуботенски пат" во Скопје е лишен од слобода Б.И.(40) од Скопје. Тој бил осуден на затворска казна од пет години и десет месеци поради сторено кривично дело по член 418, став 2 од Кривичниот законик, а поради бегство од затвор за него била распишана централна потерница со која се барал за доиздржување на казната во времетраење од 3 години 1 месец и 15 дена. Лицето е приведено и предадено во полициска станица по што ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за доиздржување на затворската казна.

На 15.05.2023 околу 17.30 часот во тетовско Желино, со судска наредба, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 35-годишниот М.Н. од ова село за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 16.05.2023 во 02.10 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници го лишиле од слобода Д.М.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.05.2023 во 15.15 часот на подрачје на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода С.В.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.05.2023 во 23.40 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници го лишиле од слобода С.С.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.05.2023 околу 23.40 часот на улица „176" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 36-годишниот тетовец Г.С., затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.05.2023 околу 21.10 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Н.А.(41) од Кавадарци, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 16.05.2023 во 02.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.А.(25) од Куманово. Тој бил затекнат на булеварот „Трета македонска ударна бригада" како ошетува на паркирано патничко возило. По целосно документирање на случајот против Д.А. ќе следува соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (15.05.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 190 возачи. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 100 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 90 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (15.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 173 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 42 санкции, седум мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за недавање првенство на минување на пешаци. Изречени се осум мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за некористење сигурносен појас, девет мерки за непрописно престројување на возила...

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (15.05.2023), во периодот од 09.00 до 14.00 часот, на територијата на Република Северна Македонија спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возачите кои не ги пропуштаат пешаците на пешачки премин, односно не ги почитуваат обврските како возачи. При контролата санкционирани се 54 возачи. За време на контролата санкционирани се и 137 останати прекршоци.

На 15.05.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 8 прекршоци, од кои 7 во населено место и 1 надвор од населено место. Санкционирани биле и 22 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 3 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за прекршоци сторени од пешаци, 2 за недавање пречество на минување на пешаци, 2 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 3 за непрописно паркирање.

На 15.05.2023 во 14.25 часот во Полициската станица Гази Баба, Е.С.(21) од Скопје пријавил дека на ул.„Јужноморавски бригади" бил каснат од куче скитник.

На 15.05.2023 во 16.35 часот во Полициската станица Чаир, Б.Г.(52) од Скопје пријавил дека во с.Визбегово бил каснат од куче скитник.

Денеска (16.05.2023) во 12.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.С.(42) од Куманово. Тој се сомничи дека на 15.05.2023 во финансиско друштво на бул.„Трета македонска ударна бригада" со закана одзело пари од вработената. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против С.М.(25) од Кичево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При претрес во нејзиниот дом, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Кичево пронашле и одзеле марихуана. Судија на претходна постапка и одредил мерка притвор, по што бил спроведен во КПУ Затвор Битола.

Денеска (16.05.2023) во 06.50 часот во Полициската канцеларија Демир Капија било пријавено дека во нивните домови со прострелни рани биле пронајдени Б.М.(34) и М.К.(72), двајцата од Демир Капија. Смрт кај двете лица констатирал лекар од Итна медицинска помош, а од увидот и извршените разговори со повеќе лица било констатирано дека М.К. прво пукал со пиштол во неговиот сосед Б.М. и го уснртил, а потоа извршил самоубиство. По наредба на Завен обвинителот телата на починатите биле дадени на обдукција.

Денеска (16.05.2023) во периодот од 06.00 до 10.00 часот на територијата на Република Северна Македонија од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за униформирана полиција, заедно со инспектори за малолетничка делинквенција и претставници од центрите за социјална работа, спроведена е акциска контрола на возила што вршат јавен превоз на ученици, контрола на лица во казина и обложувалници и преглед на ученици во близина на училишта, со цел откривање на предмети кои се забранети согласно закон. При контролата констатирани се 30 сообраќајни прекршоци. На вонреден технички преглед биле упатени 11 возила. Акциските контроли за зголемување на безбедноста на учениците од дома до училиште, за време на наставата и од училиште кон дома продолжуваат и во наредните денови.

На 15.05.2023 во 20.19 часот во СВР Скопје, Ј.Д.(70) од Скопје пријавил дека предо неговиот дом бил физички нападнат од две лица, од кои едното употребило и метален предмет. Според пријавеното, причина за нападот најверојатно се нерасчистени имотно – правни односи помеѓу неговата ќерка и две лица од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.05.2023 во периодот од 09 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на возачи, дали и колку тие им даваат предност на пешаците. При контролата откриени и санкционирани биле вкупно 14 возачи (ТЕ-12 и ГВ-2), кои не дале предност на пешаците на обележани премини, како и 28 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-26 и ГВ-2). Возачите прекршители ќе се соочат со законски предвидените парични глоби од 250 евра во денарска противвредност и со мерка времено одземање на возачките дозволи од три месеци до една година.

На 15.05.2023 во 15.30 часот во Полициската станица Кичево Ѓорѓе Ивановски, по претходно основано сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста", Пријавениот, преку користење на мобилна апликација, кон новинар испратил пораки со заканувачка содржина во врска со претходно објавено видео вест.

На 16.05.2023 во 00.50 часот во Полициската станица Центар, Б.П.(19) од Скопје пријавил дека на 15.05.2023 околу 22.00 часот на работното место во угостителски објект на подрачје на Центар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од неговиот колега Д.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.05.2023 во 00.40 часот во Полициската станица Карпош, А.Б.(46) од Скопје пријавил дека во 00.15 часот во близина на угостителски објект на подрачје на Карпош бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.05.2023 во 20.38 часот во Полициското одделение Петровец, М.Ц.(47) од с.Мршевци пријавил дека околу 20.00 часот во с.Мршевци, поради нерасчистени должничко - доверителски односи, бил физички нападнат од Н.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.05.2023 во 00.56 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Бутелска" настанал пожар во куќа сопственост на И.С.(44) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против А.Ѓ.(23) од село Ораовица, радовишко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба на наркотични дроги". На 25.03.2022 во угостителски објект во Радовиш, пријавениот овозможил на друго лице од село Ораовица да користи амфетамин, а на 02.04.2022, при извршен претрес во неговиот дом, биле пронајдени и одземени амфетамин и марихуана.

На 15.05.2023 околу 20.40 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Е.И.(48) од Скопје пријавила дека од дома се оддалечила нејзината штитеничка Е.Р.(14), која и претходно се оддалечувала и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 15.05.2023 во СВР Битола, А.Т.(19) од Битола пријавила дека на ул.„Прилепска" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 15.05.2023 во Полициската станица Центар било пријавено дека на 10.05.2023 во 11.00 часот на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.Х.(36), кој употребил тврд предмет и С.С.(32) од Штип, кој употребил остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Б.(38) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „проневера во службата". Во текот на 2022 година, пријавениот во својство на вработен во општина Тетово противправно присвоил мобилен телефон кој бил во сопственост на Општината.

На 15.05.2023 околу 22.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Белградска" настанал пожар во патничко возило „бмв" со радовишки регистарски ознаки, сопственост на М.Т.(20) од с.Иљево, радовишко. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 15.05.2023, Д.К.(35) од Кичево во полициска станица пријавила дека на булеварот „Ослободување" во Кичево нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 15.05.2023 во Полициското одделение Сарај, Л.К.(29) од с.Рашче, општина Сарај, пријавил дека околу 08.10 часот едно лице преку незаклучената врата влегло во неговата куќа во село Рашче и со закана од неговата сопруга одзело накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.Ш.(61) од село Порој, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „изнуда". На 04.04.2023 во фабрика на пријавениот, на 44-годишен скопјанец телефонски ми биле упатени закани, а неколку лица упатиле закани на неколку работници од Скопје кои извршувале работни задачи во фабриката.

На 15.05.2023 во 17.40 часот во Полициската станица Бит Пазар, Б.Р.(38) од Скопје пријавил дека од дома се оддалечил неговиот брат Г.Р.(29), кој според пријавеното, последен пат бил виден во поликлиника на ул.„Цветан Димов". Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 15.05.2023 во СВР Тетово, В.У.(18) од Гостивар пријавил дека во населбата Млаки бил каснат од куче скитник.

На 15.05.2023 околу 09.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари било пријавено дека предо угостителски објект на подрачјето на Шуто Оризари, по претходна расправија, малолетничка група физички нападнала од три малолетнички, сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.05.2023 во 15.45 часот во Полициската станица Аеродром, А.Д.(38) од Скопје пријавила дека на ул.„Ван Гог" била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Д.Ѓ.(35) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 14.04.2023 во Кочани, пријавениот физички нападнал малолетник од Кочани.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет